**ДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА НА СРБИТЕ**
**ВО МАКЕДОНИЈА**

---

# "САКАМ КАЖАМ, НЕ ЗНАМ РЕЧАМ"

Браво, госпоѓо Блажевска! Пронајдовте вистински израз, но не да го отсликате ставот кој произлегува од соопштението на ДПСМ, туку хаосот кој преку Вашето новинарско перо го срочивте во Дневник од 30.05.03 год.

Секој објективен читател, доколку го внимателно го прочита Вашето писмо полно со неточности, контрадикции, ќе се соочи со искривување на фактите, злоба, па дури и нешто што наликува на инает кој го пројавуваат малите деца во своите невини игри.

Првото прашање на кое би требало да дадете издржан одговор е од каде толка возбуда, бес, омраза кои кај Вас предизвика еден, како што Вие, а не ние, го нарековте "Безвреден лист хартија" на кој му најдовте место во контејнер. Не навлегувајќи во неговата вредност или безвредност, за разлика од Вас, ние сметаме дека односот и одговорот мора да бидат достоинствени, како што е достоинствена големата света божја црква на која се повикувате, а не да се сведува на дерогирање и навреди на еден дел на македонските граѓани и нивните вредности.

Веројатно омразата која во својата глава ја негувате не Ви дозволи дури ни точно тоа да ги прочитате и да ги интерпретирате ставовите од нашето соопштение, или можеби тоа намерно го правите. Па така, пасусот кој го објавија речиси сите печатени и електронски медиуми (освен Вашиот, се разбира) свесно го искривоколчувате ставајки го во служба на Вашите нечесни намери, па велите: "Не би било можно ДПСМ да ја истакнува цврстата верба во односите на МПЦ и СПЦ, а

веке во следниот ред да се жали дека Србите во Македонија се најголеми жртви на несогласувањата меѓу двете цркви". Тука Ви е грешката (смислена).

Госпоѓо К.Б. ние изразуваме цврста верба дека односите (Вие исто колку и ние добро ги знаете какви се) помеѓу МПЦ и СПЦ нема, не можат и едноставно не смеат да ги расипаат одличните меѓунационални односи во Македонија како и одличните односи помеѓу Република Македонија и Република Србија.
Дали Вие можеби го посакувате обратното?
Вистинскиот - нашиот, и свесно искривоколчениот - Вашиот цитат, се два сосема различни поими и од првиот јасно се гледа дека Србите во Македонија поради лошите меѓуцрковни односи се навистина големи жртви во остварување на своите верски права. Е, токму тука се гледа наплив на детски инает, за жал не од невино дете, па говорејќи за неможноста на вероисповед на Србите во Македонија велите: "Е, па немаат. Може да имаат. Тогаш кога СПЦ ке ја признае автокефалноста на МПЦ и Србите во Македонија ќе имаат богослужба на српски јазик."

Тоа нам ни личи на дете кое ке умре од глад додека разведените родители решат кој ке му даде леб. И свесни ли сте госпоѓо К.Б. дека со ваков став-инает повикувате на кршење на Уставот, македонскиот, не српскиот?

Што се однесува до драгачевските труби, патем да речеме дека тие веќе се познати многу одамна и дека нивните ноти го обиколиле целиот свет, но дека за тоа е потребно да се има и голем талент и познавање. За Вас би можело да се примени она од една новокомпонирана песна "Што је дираш кад не знаш да свираш" (простете што е на српски, но ќе го разберете).

Што се однесува до „господинот Вранишковски алијас Јован", да Ве потсетиме дека тој е изнедрен од недрата на Владиката Петар, односно воспитуван во МПЦ, а не во СПЦ. Неговото име го корисите за уште еднаш да ни имплицирате на нас, Србите спротивно на вистината, тврдејќи дека ние одиме да се крстиме во неговиот стан во Битола. Смислено, провокативно. Затоа мора да Ви кажеме (впрочем, она што Вие добро го

знаете) дека кај него се молат верници Македонци, се замонашуваат Македонки и Македонци, а не Срби.

Во врска со молењето не можеме, а да него цитираме Вашиот новинарски бисер со кој го завршувате својот коментар за црквите и кој гласи: “Како што би рекле “браќата” Срби: се у цркву материну!” По вакви Ваши инспитративни напливи мора да Ве прашаме во која црква се молите Вие, госпоѓо К.Б.? Но овојпат ќе бидеме на Вашето ниво и ќе претпоставиме дека можеби се крстите во МАТЕРИНА. А што се однесува на она браќа Срби во наводници, за нашиот однос кон братскиот македонски народ (без наводници) и државата зборува број на Србите кои биле во редови на вистинските бранители на Македонија (се разбира, без лавови), за разлика од некои браќа без наводници кои, се чини, Вие повеќе ги милувате.

За крај едно прашање до Вас. Искрено, што мислите, зашто тројцата македонски владици, се разбира во согласност со Синодот, ги ставиле своите потписи на фамозниот “Нишки папир”?
А со соопштение доцниме токму заради такви какви што сте Вие, “тапанари на војната”, на кој смирување не им оди во прилог.

Скопје, 30.05.2003.

Демократска Партија на Србите во Македонија
Претседател
Иван Стоилковиќ